РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 7 седница одржана на 30.09.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Информатичка технологија во машинството", од прв циклус (додипломски) академски студии на Машински факултет при Универзитет Гоце Делчев Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Информатичка технологија во машинството", од прв циклус (додипломски) академски студии на Машински факултет при Универзитет Гоце Делчев Штип согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран машински инжинер – информатичка технологија во машинството VI A (НРК); во меѓународен промет академски назив Bachelor of Science in Mechanical Engineering – Information Technology in Mechanical Engineering VI A (NQF).

Научно - истражувачко подрачје: техничко-технолошки науки
Научно – истражувачко поле: машинство, енергетика, материјали, компјутерска техника и и нформатика, регулација и управување со технолошки процеси
Научно – истражувачка област: 21400 Општо машинство, проектирање и машински конструкции 21401 Машински елементи и технички системи 21417 Техничка механика и механика на цврсто тело 21420 Механика на флуидите и струјно технички системи : 21422 Автоматика 21423 Регулациона техника 21424 Друго Од полето Енергетика: 20500 Енергетско и процесно машинство 20511 Техничка термодинамика Од полето Материјали: 21500 Машински материјали Од полето Информатика 11003 Програмски јазици и системи 11004 Нумеричка анализа 11007 Алгоритми 11009 Симулација 11010 Развивање на софтвер и бази на податоци 11011 Друго Од полето Компјутерска техника и информатика : 21201 Програмски јазиици и технологии 21203 Бази на податоци 21204 Обработка на информации 21206 Процесирање на податоци 21208 Друго. Од полето Регулација и управување со

технолошко процеси, 21801 Моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи 21807 Компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси 21808 Друго

4. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува: 60 редовни студенти во државна квота, 30 редовни студенти запишани со кофинансирање и 30 вонредни студенти, вкупно 120 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 0201-306/52 од 20.05.2020 година од страна на Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма од прв циклус на студии „Информатичка технологија во машинството“ на Машинскиот факултет при Универзитет Гоце Делчев Штип, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр. 08-84/2 од 10.07.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 6-та седницата одржана на 26.08.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08-84/4 од 01.10.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 7-ма седница одржана на 30.09.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Академик Владо Камбовски